Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 92, 15 ноември 2012 година

ноември 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата” поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....... 100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ПИЈАНО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност – Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на седницата одржана на 16.8.2012 година донесе Одлука 1902-15216 за распишување на Конкурс за избор на ***наставник во сите звања*** за наставно-научната уметничка област ***пијано*** на Факултетот за музичка уметност. На 18.10.2012 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 1902-174/10 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *пијано и методика на настава по пијано* на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

- вон. проф. м-р Татјана Џорлева, вонреден професор од наставно-научната уметничка област - инструмент *пијано*, Факултет за музичка уметност во Штип, претседател;
- проф. д-р Милица Шкариќ, редовен професор од наставно-научната уметничка област - инструмент *пијано*, Факултет за музичка уметност во Штип, член;
- вон. проф. д-р Илчо Јованов, вонреден професор од наставно-научната уметничка област *теорија на музиката* и *музичка педагогија*, Факултет за музичка уметност во Штип, за член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 5.10.2012 год. за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *пијано* се пријави само еден кандидат**:** м-р Емилија Потевска.

Критериумите за избор на наставник во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве: кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

- Пријава;
- Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд;
- Кратка биографија;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Уверение за државјанство;
- Изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

Преглед на приложени документи на пријавениот кандидат:
Кандидат: м-р Емилија Потевска;
Пријава: има;
Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд: има;
Потврда за странски јазик: има;

Кратка биографија: има;
Список на трудови/концерти (член 127): има;
Уверение за државјанство: има;
Изјава – образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија: има.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Емилија Потевска** е пијанистка со широка концертна дејност во својата земја, како и надвор од неа. Магистерските студии по пијано ги завршува со највисок просек на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Стела Слејанска. Во истата класа, во моментов ги следи и докторските студии по пијано, а научноистражувачката дејност на докторските студии ја работи под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски. Паралелно со студиите во Скопје ги завршува и IGC-SE студиите на Универзитетот Кембриџ во В. Британија и се здобива со акредитација за предавање на британската програма за музика. Во август 2011 год. е наградена од претседателот на Р. Македонија Ѓорге Иванов со сертификат за успешно завршување на напреден и интензивен тренинг за лидерство во Охрид и сертификат за лидер во областа во културата и уметноста. Истата година е добитник и на диплома за биополитика од Институтот за биополитика во Атина, Грција. Во 2012 година станува член на глобалната светска мрежа на млади лидери „Глобални мостови“ и добива сертификат за млад лидер на интернационалната конференција за лидери во Тбилиси, Грузија.

Во текот на своето музичко образование работи со врвни педагози од кои се издвојуваат: Акилес Дел Вињ, Борис Романов, Вилијам Хауард, Арбо Валдма, Рита Кинка. Марко Албрицио, Наталија Косева итн. Ги завршува летните музички академии „Моцартеум“ во Салцбург, Австрија и „Дартингтон академија“ во Девон, Англија. Добитник е на бројни награди и признанија меѓу кои се издвојуваат: неколку први награди на републичко ниво, прва награда на Шопен конкурсот во Скопје, прва награда на натпреварот „J.С.Бах“ во Скопје и втора нагрда на Интернационалниот фестивал „Интерфест“ во Битола.

Потевска е и дел од клавирското дуо со кое активно настапува со пијанистката Татјана Џорлева. Од заедничката соработка, покрај бројните концертни настапи се издвојува освоената прва награда и златен медал на Интернационалниот натпревар во Барлета, Италија, во категорија за возрасни. Како заеднички успех се издвојува и балканската турнеја во 2010 година за промоција на современата македонска музика и македонската култура со високо оценетите концерти во: Софија, Нови Сад, Шабац, Ниш, Скопје, Охрид и Штип.

Меѓу солистичките концерти се издвојуваат концертите во: „Мирбах палас“ - Братислава, „Родната куќа на Хајдн“ - Рор, „Вила Медичи“ - Милано, „Винер хол“ и „Орф хол“ – Салцбург, „Ферфилд хол“ и „Девонија“ – Лондон, „Филхармонија Гдањск“ – Гдањск, „Музеј земјата и хората“ – Софија, концерти во повеќе градови во Р. Македонија, како и концерти во рамките на фестивалите „Скопско лето“, „Охридско лето“, „Музика вива“ и „Денови на македонска музика“. За дел од нејзиниот репертоар се направени и снимки за потребите на Македонската радио телевизија и ФМУ – Скопје. Соработува и со голем број камерни состави со кои има настапи во Македонија и пошироко. Член е на квартетот „Фонетико“ – две пијана и двајца перкусионисти, со кои постигнуваат голем успех на концертната сцена. Како солист настапува со канадскиот оркестар „Вест кост симфони“ од Ванкувер, и настапува на концерти во организација на Францускиот културен центар, Британскиот совет, Швајцарскиот културен центар, Културно-информативниот центар – Скопје итн.

Емилија Потевска е доцент по пијано на ФМУ при Универзитетот „Гоце делчев“ во Штип. Работи и како менаџер и уметнички директор на Интернационалниот фестивал за современа музика „Модоарс“.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2008 година м-р Емилија Потевска е доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. На истиот факултет, Потевска го предава и предметот Историја на пијанизмот 2 (види табела 25 – поени од предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семетра од изборниот период).

М-р Емилија Потевска го предава и предметот пијано на постдипломските студии на Вокално-инструменталниот оддел (види табела 27 – Одржани предвања на постдипломски студии по одржан курс).

За предметот Пијано 7, Потевска има изготвено скрипта „Литературата за пијано во романтизмот", за која има користено богата литература од релевантни автори од областа (види табела 3 – Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум).

М-р Емилија Потевска е и рецензент на скрипта по предметот Камерна музика од доц. м-р Владимир Лазаревски (види табела 8 – рецензент на учебник, скрипта и сл.).

Потевска е раководител на своите студенти по пијано на разни манифестации и е организатор на неколку концерти за студентите: во Штип, Тетово, Кочани и во Струмица (види табела 19 – Раководител на студент или ученик за учество на студентска или ученичка манифестација).

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Во текот на периодот од 2008 до 2012 година, Емилија Потевска реализираше успешно седум солистички и камерни концерти во признати сали во земјава и осум концерти во странство. Концертите се наведени подолу:

1. 3.5.2008 година, Концертна сала – Охрид, Музички фестивал „Охрид те сакам" – Целовечерен солистички концерт;
2. 12.10.2008 година, Концертна сала „Даутпашин амам" – Скопје, Фестивал „Балкан класикал мјузик фест" – Целовечерен концерт на пијано дуо Потевска – Џорлева;
3. 3.11.2009 година, Концертна сала ФМУ – Скопје, Целовечерен концерт на пијано дуо Потевска – Џорлева;
4. 29.11.2009 година, Концертна сала ФМУ – Скопје, Целовечерен концерт на пијано дуо Потевска – Џорлева;
5. 30.3.2010 година, Концертна сала ФМУ - Штип, Концерт по повод *Денови на франкофонијата* (вечер на Шопен по повод 200 години од раѓањето на Шопен), во соработка со Францускиот културен центар „Жан Моне";
6. 23.4.2010 година, Концертна сала ФМУ - Ниш (Србија)- целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;
7. 24.4.2010 година, Музичка школа „Исидора Бајич" – Нови Сад (Србија), Целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;
8. 25.4.2010 година, Арт студио – Шабац (Србија), Целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;
9. 4. 2010 година „Земјата и хората" - Софија (Бугарија), Целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;
10. 18.11.2010 година, Музеј на Град Скопје, концерт по повод доделување на Францускoто одликување „Академски палми" на професор Стела Слејанска;
11. 11.10.2011 година, Интернационален фестивал „Интерфест" – Битола, Листова вечер со македонски пијанисти по повод 200 години од раѓањето на Ф. Лист
12. 14.04.2012 година, Концертна сала „Девонија" – Лондон, Целовечерен камерен концерт „Музиката од Балкан до Балтик" во соработка со музичари од Полска и Англија
13. 19.4.2012 година, Концертна сала „Гдањск филхармонија", Целовечерен камерен концерт во рамки на фестивалот „Гдањск музички фестивал"
14. 11.7.2012 година, уметничка галерија „Сули ан" – Скопје, Солист со канадскиот оркестар „Вест коуст симфони" од Ванкувер;
15. 17.8.2012 година, Целовечерен камерен концерт на пијано дуо Потевска – Џорлева во рамките на „Битфест" – Битола.

Емилија Потевска е и менаџер и уметнички селектор на Интернационалниот фестивал за современа музика „Модоарс" во чии рамки се организираат концерти на домашни уметници, како и на музичари од Хрватска, Полска, Бугарија, Канада, Грција итн. (види табела 18 – претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал).

Потевска, во времето на изборниот период е и добитник на две дипломи – признанија: диплома за биополитика од Институтот за биополитика во Атина, Грција и диплома од Универзитетот Кембриџ за акредитација за предавање на британската програма за музика (види табела 21 – Награди и признанија за научни постигнувања, сценско-музички награди).

***Стручно – апликативна дејност***

Потевска е редовен член на ННС и на комисиите на Факултетот за музичка уметност во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити. Потевска редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Катедрата по пијано при Факултетот за музичка уметност, согласно со промените на ЕКТС од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Потевска е добитник на неколку стручни награди и признанија:

- Школа за млади лидери – Охрис – признание за лидер во областа на културата;
- Школа за лидери – Тбилиси, Грузија – признание за лидер во областа на културата;
- Прва награда и златен медал на Интернационалниот фестивал за пијано во Барлета, Италија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатката м-р Емилија Потевска, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област *пијано* на Факултетот за музичка уметност наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организационо-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“. Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката доцент м-р Емилија Потевска да се избере во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област *пијано* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Татјана Џорлева, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Милица Шкариќ, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, вонреден професор, член, с.р.**

| | | Поени | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Наставно-образовна дејност** | **во земјата** | **во странство** |
| 3. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | **8x1=8** | |
| 8. | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | **1x1= 1** | |
| 19. | Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација | **4x1=4** | |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра од изборниот период) | **64X 8 = 64 (8 часа по 8 семестри = 64 часа)** | |
| 27. | Одржани предавања на постдипломски студии по одржап курс | **16 (два семестри) X1 = 16** | |
| | Вкупно поени | **93 од вкупно 30** | |

| | | Поени | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **во земјата** | **во странство** |
| 1. | Изведба на целовечерен солистички концерт во призната сала или фестивал( 2 во земјата – солист со West Coast Symphony оркестарот и целовечерен концерт во рамките на фестивалот „Охрид те сакам“ и 1 во странство – солистички концерт во „Мирбах Палас“ во Братислава, Словачка) | **2x1=12** | **1x8=8** |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (4 целовечерни камерни концерти – Скопје, Штип, Битола и Охрид) признати сали во земјава и 7 во странство – Барлета, Ниш, Шабац, Нови сад, Софија, Лондон и Гдањск) | **4x3=12** | **7x6=42** |
| 7. | Едно секциско предавање на научен собир и еден музички настап на официјален концерт (настап на камерен концерт во траење од 20 мин.) – Скопје, Битола и Штип | **3x2=6** | |
| 18. | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал (Модоарс 2011 и 2011) | **2x2 = 4** | |
| 21. | Награди – признанија за научни постигнувања, сценско музички награди:<br>1. Диплома од Универзитетот во Кембриџ за акредитација за предвање на британската програма за култура<br>2. Диплома за биополотика од Интернационалната организација за биополитика во Атина, Грција | **2x10 = 20** | |
| | Вкупно поени | **104 од потребни 35** | |

| | | Поени | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **во земјата** | **во странство** |
| 19. | Стручни награди и признанија –<br>1.Школа за млади лидери – Охрид – призанине за лидер во областа на културата,<br>2. Школа за лидери – Тбилиси Грузија – признание за лидер во областа на културата<br>3. Прва награда на Интернационалниот натпревар за пијано – 4 раце во Барлета - Италија | | **3x8= 24** |
| | Вкупно поени | **24 од потребни 7** | |